РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-27/7
06 08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-мата седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-27/1 од 10.01.2024 година, оформен по доставена пријава против ------- ---- директор на -- --------------- -------- -- -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-27/1 од 10.01.2024 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 10.01.2024 година, поднесена е пријава против ------------------ директор на -- --------------- -------- -- -------------, при што оформен е предмет број 12-27/1 од 10.01.2024 година. Во предметната пријава се изнесени наводи со кои се укажува на сомнение за можна злоупотреба на функцијата директор преку незаконски исплатени надоместоци за патни трошоци, склучени договори за јавни набавки кои имаат предизвикано финансиски импликации врз буџетот на институцијата како и реализирани вработувања без претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии и за кои што се посочува дека биле надвор од постоечката систематизација на институцијата.

Заради утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од Министерството за здравство Одделение за внатрешна ревизија да постапи согласно своите законски надлежности и да спроведе инспекциски надзор над предметната здравствена установа по сите наводи во пријавата, по што добиен е одговор во кој

е наведено дека за пријавеното надлежен да постапува е друг државен орган односно Фондот за здравствено осигурување на РСМ.
Заради понатамошно постапување по оформениот предмет, ДКСК се обрати и побара Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да постапи согласно своите законски надлежности и да спроведе надзор над предметната здравствена установа со конкретен осврт за исплата на патните трошоци, реализирање на склучен договор за јавна набавка со фирмата ---------- ------ ------, и вработувања на лица со договор на дело. Дополнително ДКСК побара за констатираното да се достави образложение со прилог копија на извештајот од спроведениот инспекциски надзор.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација констатирана е следната фактичка состојба:

По однос наводите за исплата на патните трошоци од страна на контролата констатирано е дека ----- -- -- ------------ патните трошоци на директот ги исплаќа согласно Одлуката на Управниот одбор со број.0202-474 од 04.04.2023 година.

По однос вработувањата од страна на контролата не се детектирани неправилности кои што негативно би се одразиле и би предизвикале дополнителни финансиски издатоци по буџетот на предметната здравствена установа, односно ----- -- -- ------------ во 2023 година има добиено согласности од страна на Министерството за финансии при што биле склучени договори за вработување во согласност со законските прописи.

По однос наводите за реализирање на склучениот договор со фирмата ------- ---- --------- во врска со јавната набавка на градежно занаетчиски работи за адаптација, тековно и инвестиционо одржување на објектите на клиниката од страна на контролата од спроведениот инспекциски надзор по однос реализираната јавна набавка не се констатирани отстапувања.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што наводите од предметната пријава не се потврдени, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: Б.Џ., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk